Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11),, како и врз основа на член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по историја за VII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ИСТОРИЈА

**VII ОДДЕЛЕНИЕ**

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Скопје, август 2014**

## 1 .  НАЗИВ НА ПРЕДМЕТОТ

Предметот историја има значајно место во воспитно - образовниот процес во основното деветгодишно образование учениците со оштетен вид треба да усвојуваат суштински, систематизирани и научно  потврдени знаења. Тие треба да стекнат основно разбирање на минатото и сегашноста на историјата на цивилизациите и нејзините главни етапи. Изучувањето на историјата треба да изгради свест и позитивни ставови на одредени историски настани, движења, личности во историската борба за демократија и човекови права.

Наставта по историјата исто така дава придонес во изградувањето на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави, да им помага на младите да ја разбираат сегашноста во светлината на минатото и c# она што претставува цивилизациско достигнување во светот во духот на граѓанските вредности и демократијата, како и да го продлабочи интересот за натамошно изучување на историските настани и процеси.

Неделен фонд на часови: 2 часа
Годишен фонд на часови: 72 часа
Статус на предметот:  задолжителен

## 2 . ЦЕЛИ НА ПРЕДМЕТОТ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД

***Ученикот /ученичката:***

- да усвојува основни знаења за значајните настани, појави, процеси и личности кои оставиле трага во историјата на човештвото;
- да ги открива причинско-последичните врски на историските појави и развивање на критичкото мислење кон општествено - економските процеси низ сите историски развојни процеси;
- да ги спознава општествените процеси и промените кои се развиваат преку историските случувања;
- да ја сфати врската меѓу економските, политичките и социјалните односи во одделните општества низ историскиот развој;
- да го осознае историското минато со цел да ја разбере сегашноста, за да знае да ја креира иднината на сопствениот живот;
- да развива чувство на патриотизам кон својот народ и својата татковина, а истовремено да ги почитува историските, општествените и економските вредности и разлики на народите во светот;
- да знае да ги распознава културните и верските разлики меѓу народите;
- да разива чувсвто на почит и лојалност кон Република Македонија;
- да развива свест за сопствениот национален идентитет;
- да знае правилно да ги согледува настаните и процесите во сопствената историја и компаративно да ја согледува историјата на балканските и европските народи;
- да се поттикнува на меѓуетничко разбирање во Република Македонија и почит меѓу Македонците, Албанците, Турците и припадниците на другите заедници како и со народите на Балканот, Европа и светот преку изучување на историјата и културата на различните народи и држави;
- да го почитува историското и културното наследство на Македонија и другите народи и да развива почит за културните вредности;
- да гради свест за почитување на човековите права и слободи.

## 3 . ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ ВО ВИИ ОДДЕЛЕНИЕ

***Ученикот /ученичката:***

- да ги запознае основните карактеристики на средниот век и на феудализмот;
- да се запознае со причините за големата преселба на народите;
- да се запознае со основните карактеристики на христијанската религија и нејзината улога во животот на луѓето;
- да се запознае со основните карактеристики на арапската култура и појавата на исламот
- да ги открива заедничките карактеристики на државите од средниот век;
- да се запознава со одделните историски појави и процеси од средниот век;
- да се запознава со значењето и придонесот на историските личности од овој историски период;
- да се запознава со развојот на економијата, науката и културата во Западна и Источна Европа, Византија, Османлиската држава, Балканот и Македонија;
- да се запознава со основните црти и одлики на западноевропската, византиската, арапската, руската, османлиската, културата на народите на Балканот и средновековната македонска култура;
- да се запознава со најкрупните придобивки од појавата, развојот и јакнењето на средновековната македонска држава;
- да ги посочува разликите и сличностите на балканските народи низ историјата на средниот век.

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Наставен предмет: ИСТОРИЈА | | | |
|---|---|---|---|
| **1. СВЕТОТ И ЕВРОПА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК (ориентационо 6 часа)** | | | |
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката** | | | |
| ❖ Да се запознае со основните карактеристики на средниот век; | Општи карактеристики на средниот век | Феудализам | Разговор со учениците за карактеристиките на средниот век, истражување на интернет со употреба на JAWS говорен програм и изготвување на извештај за истраженото. |
| ❖ Да стекне знаења хронологијата на средниот век,<br>❖ Да формира знаења за феудализмот како општествено уредување | | | Читање на текстови на ТВ лупи (за слабовидните ученици) и изготвени текстови на Брајова азбука (за слепите ученици) кои се однесуваат на феудализмот како општествено уредување. |
| ❖ Да формира знаења за големата преселба на народите<br>❖ Да умее да ги разликува различните групи народи кои биле вклучени во процесите на големата преселба на народите | Големата преселба на народите | Хуни<br>Германи<br>Словени | Разговор за големата преселба на народите, следење на аудио материјали.<br>Работа во парови, слепиот ученик истражува на интернет по дадени инструкции од страна на наствaникот, а со примена на JAWS говорен програм, во врска со Хуните, Германите и Словените, а слабодниот, во табела на хамер со употреба на црн фломастер ги |
| ❖ Да стекне знаења за | Државата на | Христијанство | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| државата на Франките<br>да ја сфати улогата на христијанската религија<br><br>❖ Да ги осознае основните елементи на исламската религија и нејзиното ширење<br><br>❖ Да стекне знаења за Источното Римско царство (Византија) | Франките<br><br>Појава на Исламот<br><br>Источно Римско царство (Византија) | Црква<br>Библија<br><br>Ислам<br>Џамија<br>Куран<br><br>Цариград<br>Династии | запишува нивните карактеристики, разлики и сличности.<br>Читање на текстови на Брајово или под ТВ лупа за државата на Франките.<br><br>Разговор за христијанството/ исламот, црквата/џамијата и библијата/куранот, употреба на претходно стекнатите знаења за овие поими.<br>На учениците од христијанска вероисповест им се поставува задача да пронајдат пријател, соученик од исламска вероисповест и да сработат извештај за исламската религија, на учениците од исламска религи обратно.<br>Разговор за правата на луѓето од различни религии и за почитувањето на другите религии.<br>Посета на црква/џамија, разговор за разликите или сличностите.<br>Разговор за библијата/куранот, воочување на разликите и сличностите, читање на извадоци од истите.<br><br>Разгледување на (релјефни) историски карти и разговор за местоположбата на Источното Римско царство (Византија). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Разговор за карактериситките на династиииите, гледање на документарен филм за Византиското царство.<br>Цртање/моделирање на предмети од Византиско време. |

| 2. БАЛКАНОТ ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК (ориентационо 8 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ Да стекне сознанија за населувањето на Словените на Балканот<br><br>❖ Да осознае какви промени се случиле при доселувањето на Словените на Балканот<br><br>❖ Да се запознае со потеклото на Бугарите и формирањето и развојот на бугарската држава<br><br>❖ Да се запознае со населувањето на српските племиња и формирањето на првите српски држави<br><br>❖ Да стекне основни знаења за населението и на | Населување на Словените на Балканот<br><br>Промените на Балканот по доселувањето на Словените<br><br>Создавање на бугарската држава<br><br>Создавање на Дукља и Рашка<br><br>Албанија во раниот среден век | Преселба<br>Обичаи<br><br>Јужни Словени<br>Староседелци<br>Симбиоза на народите<br>Промена на топонимите<br><br>Бугарите<br><br>Дукља<br>Рашка<br><br>Албанија<br>Драч | На релјефна историска карта со одредена текстура/материјал ги обележува насоките на преселбите населувањето на Словените на Балканот.<br>Разговор за промените што се случиле на Балканот по доселувањето на Словените.<br>Разговор за местоположбата на Балканот и неговото значење.<br>Истражување на интернет со примена на говорен програм за лица со оштетен вид за потеклото, формирањето и развојот на Бугарската држава.Работа во пар, слепиот ученик истражува, а слабовидниот пишува извештај.<br>Слушање на аудио материјал за српските племиња и формирање на првите српски држави.<br>Изработка на модел на карта на Балканот на сњелл тоуцх машина и обележување со тактилен материјал на териториите на Дукља и Рашка.<br>Разговор за населението во Албанија во раниот среден век, истражување за Драч и неговата место положба.<br>Пребарување на интернет за Драч во средниот век и денес, правење |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Албанија | | | споредби, воочување на разлики и сличности. |

| 3. МАКЕДОНИЈА ВО РАНИОТ СРЕДЕН ВЕК (ориентационо 10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ Да стекне знаења за населувањето на Словените во Македонија<br><br>❖ Да стекне сознанија за создавањето на словенската збука;<br><br>❖ Да се запознае со културно просветната дејност на Св. Климент и Св. Наум | Населувањето на Словените во Македонија<br><br>Појава и развиток на словенската писменост<br><br>Дејноста на Свети Климент и Свети Наум | Солун<br>Склавинии<br><br>Кирил и Методиј<br>Глаголица<br><br>Свети Климент<br>Свети Наум<br>Охридска книжевна школа<br>Кирилица | Разговор и објаснување за местоположбата на Македонија во средниот век, на претходно изговен тактилен модел за простирањето на Балканот на сњелл тоуцх машина, означување со текстура или одреден тактилен матерјан на местоположбата на Македонија во раниот среден век. Истражување на интернет за Словените кои се населиле на териоторијата на Македонија, изготвување на извештај на Брајова азбука или запичана во специјални тетратки за слабовидни ученици со црн фломастер.<br>Разговор и објаснување за создавањето на Словенската азбуја, за појавата и развитокот на словенската писменост како и за браќата Кирил и Методиј.<br>Истражување на интернет за работата и дејноста на двајата просветители, за нивниот живот, за создавањето на глаголицата, како и за нивните наследници Свети Климент и Свети Наум.<br><br>Читање на тектови од историска читанка подготвени на Брајово или читање по ТВ лупа за словенската |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | писменост и словенските просветители, како и за Охридската книжевна школа.<br>Разговор за значајноста на Охридската книжевна школа. |
| ❖ Да се запознае со богомолиското движење | Богомилско движење | Богомили | Објаснување за Богомилското движење и за Богомилите. |
| ❖ Да формира знаења за создавањето на средновековната македонска држва | Создавање и ширење на македонската средновековна држава | Самоил<br>Преспа<br>Охрид | Разговор за создавањето на средновековната Македонска држава и за нејзиното ширење.<br>Читање на текстови за цар Самоил, за неговите походи и за неговата војска. |
| ❖ Да ги осознае процесите на организацијата на Самоиловата држава | Организација и пропаѓање на Самоиловата држава | Василиј<br>Беласица | Разговор за битката кај Беласица, истражување на интернет и изготвување на есеј за случувањата на Беласица и пропаѓањето на Самоиловата држава. |
| ❖ Да стекне сознанија Охридската архиепископија | Охридска архиепископија | Архиепископија | Објаснување на поимот архиепископија, разговор за Охридската архиепископија. |
| ❖ Да стекне сознанија за причините за кревање на востанијата во Македонија | Востанија во Македонија во XI | Петар Делјан<br>Ѓорѓи Војтех | Објаснување  на причините за востанија во Македонија во XI век, истражување на интернет  за Петар Делјан и Ѓорѓи Војтех и пишување на есеј за истите. |

| 4. СВЕТОТ И ЕВРОПА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК (Ориентационо 6 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ ученичката:**<br><br>❖ Да стекне знаења за начинот на живот во средновековните градови<br><br>❖ Да стекне знаења за хуманизмот и ренесансата | Настанување и развивање на средновековните градови<br><br>Хуманизам и ренесанса | Занаети<br>Трговци<br>Гилди<br>Граѓански слоеви<br>Градска самоуправа<br><br>Хуманизам<br>Ренесанса<br>Џото<br>Леонардо да Винчи<br>Сандро Ботичели<br>Микеланџело<br>Данте<br>Франческо Петрарка<br>Џовани Бокачо<br>Еразмо Ротердамски | Истражување на интернет со помош на наставникот за начинот на живеење во средновековните градови. Поделба во групи и секоја група пишува извештај одредена тема- прва група за развој на занаетите во средновековните градови, втората за развојот на трговијата.<br>Разговор и објаснување за гражанските слоеви и градската самоуправа, подготвување на хамер, на кој на Брајово и видно со црн фломастер ќе бидат прикажани различните граѓански слоеви и нивните карактеристики.<br><br>Разговор и објаснување за периодите на хуманизмот и ренесансата. Истражување на интернет за истакнати имиња од тој период, разговор за нивните дела и постигнувања.<br>Слушање на аудио материјал за периодот на хуманизам и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | ренесанса. |
| ❖ Да се запознае со големите географски откритија | Големите географски откритија | Нови технички пронајдоци<br>Поморски пат<br>Кристифор Колумбо<br>Магелан<br>Васко де Гама<br>Америго Веспучи | Разговор за големите географски откритија, интернет истражување и пишување на есеи за Поморски пат, Кристифор Колумбо, Магелан, Васко де Гама и Америго Веспучи. |
| ❖ Да знае за развојот на науката, уметноста, градежништвото и другите културни достигања | Животот и културата во средниот век (до крајот на XVIII век) | Катедрала<br>Мецена<br>Скулпутура<br>Гутенберг | Читање на текстови на Брајово или под ТВ лупа за животот и културата во средниот век. Објаснување на поимите катедрала, мецена, скулптура.<br>Истражување на интернет со примена на говорен програм за делото и постигнувањето на Јохан Гутенберг и пишување на есеј за истото. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |

| 5. БАЛКАНОТ ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК (Ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ Да знае да ги објасни општествено-економските и политичките прилики во Византија | Византија од XII-XV век | Константинопол<br>Алексеј И Комнен<br>Латинско Царство<br>Никејско царство<br>Династија<br>Палеолози | Разговор и објаснување за општествено-економските и политичките прилики во Византија, разгледување и потсетување на тактилна историска карта за големита и моќноста на Византиската држава. Истражување за Константинопол во минатото и денес, разговор за тоа каква била престолнината во времето на Византија, а каква е денес и кој град е тоа всушност денес.<br>Изготвување на есеи врз база на претходни интернет пребарувања за Алексеј И Комнен , Латинско Царство, и Никејско царство.<br>Објаснување на поимите династија и палеозоли, разговор за работата и дејноста на палеолозите. |
| ❖ Да го осознае процесот на ширење на српската држава, нејзината превласт на Балканот и претворање на српското кралство во | Подем на Бугарија и Србија | Стефан Немања<br>Стефан Првовенчани<br>Цар Душан | Разгледување на тактилна (релјефна) историска карта и разговор за ширењето на Српската и Бугарската држава.<br>Истражување на интернет и пишување |

| | | | |
|---|---|---|---|
| царство, како и за ширењето на бугарската држава и нејзината улога во балканската историја | | Душанов законик<br>Калојан<br>Иван Асен ИИ<br>Видинско царство<br>Трновско царство | на извештај за Српските и Бугарските владетели во доцниот среден век.<br>Читање на текстови во врска со Видинското и Трновското царство и нивно усно анализирање. |
| ❖ Да го разбере процесот на создавање на албанските феудални владеења во XII и XIII век | Албанското кнежевство и дестотот Арта (XII и XIII век) | Деспот Арта<br><br><br><br>Топи<br>Балши<br>Кнежевство Арта | Читање и анализа на текстови на Брајова азбука или со зголемен и болдиран комјутерси фонт во врска со Албанското кнежество и деспотот Арта.<br>Објаснување на поимот деспот.<br>Воочување на местоположбата на Албанците на релјефна историска карта под власт на Цар Душан. |
| ❖ Да знае за положбата на Албанците под власта на цар Душан | Албанските кнежевства во XIV век | | |
| ❖ Да се запознае со настанувањето на османлиската држава | Османлиската држава | Османлии<br>Тимарско-спахиски систем<br>Султан<br>Раја<br>Везир<br>Кадија<br>Јаничари<br><br><br>Баштина | Истражување на интернет со примена на говорен компјутески програм за лица со оштетен вид  во врска со настанувањето на Османлиската држава и пишување есеј на истата тема на Брајово или видно со црн фломастер.<br>Објаснување на поимот Тимарско-спахиски систем, Султан, Раја, Везир, Кадија, Јаничар.<br>Изработка на табела, во која посебно на Брајово или видно ќе се запишат функциите, карактееристиките, обврските и моќноста на султанот, рајата, везирот и кадијата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Читање на тесктови за јаничарите и пишување есеј на истата тема. |
| ❖ Да ги разбере причините на слабеење на балканските земји | Потпаѓање на балканските земји под османлиска власт | | Разговор за причините за слабеење на Балканските земји и нивното потпаќање под османлиска власт. |
| ❖ Да знае за особеностите на образованието, книжевноста, архитектурата, скулптура на Албанците до крајот на XIV век | Животот и културата на Албанците до XIV век | | Разговор и интернет истражувања за животот и културата на Албанците до XIV век . |
| ❖ Да разбере за културата на Византија нејзиното влијание врз културите на соседните балкански земји | Животот и културата на Балканските земји до крајот на XIV век (Србија и Бугарија) | | Читање на материјали за културата на Византија и нејзиното влијание врз соседните балкански земји. |

| 6. МАКЕДОНИЈА ВО РАЗВИЕНИОТ И ДОЦНИОТ СРЕДЕН ВЕК (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ да го разбере процесот на самостојно владеење на македонските феудални владетели | Самостојни владетели во Македонија во XIII век | Добромир Хрс, Срез, Алексиј Слав | Објаснување на поимот самостојно владеење и читање на текстови за самостојните владетели во Македонија во развиениот и доцниот среден век.<br>Пишување на есеи за Добробир Хрс, Срез и Алексиј Слав. |
| ❖ да ја сфати положбата на Македонците под туѓинска власт (византиска и српска власт) | Самостојни феудални држави во XIV век | Прилепско македонско кралство<br>Серската држава<br>Државата на Јован и Константин Драгаш | Разговор за положбата на Македонците по туѓинска власт, анализа на влијанието на Византиската и Српската култура и начин наживееење врз Македонскиот народ.<br>Истражување на интернет за Прилепското македонски кралство, Серската држава, држаавта на Јован и Константин Драгаш. |
| ❖ да знае за Маричката битка и последиците за Македонија | Потпаѓање на Македонија под Османлиска власт | Волкашин<br>Углеша<br>Крал Марко<br>Битката кај Черномен на реката Марица | Објаснување и детален опис на Мричката битка и последиците од истата за Македонија.<br>Истажување и читање на записи во врска со Волкашин, Углеша. Крали Марко, разговор за нивните подвизи и нивната храброст и одлучност. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да знае за основните карактеристики на културата до XIV век, литературата, уметноста, градежништвото, материјални остатоци | Животот и културата во Македонија до крајот на XIV век | | Разговор за културата на Македонискиот народ до крајот на XIV век. Истражувања на интернет и изготвување на презентација за литературата, уметноста, градежништвото во Македонија до крајот на XIV век. |
| ❖ Да знае за потеклото и територијата на Власите во Македонија | Власите во Македонија во средниот век | Власи | Читање на тектови и слушање на аудио материјали и гледање на документарни филмови за потеклото и територијата на Власите во Македонија. |

| **7. БАЛКАНОТ И МАКЕДОНИЈА ПОД ОСМАНЛИСКА ВЛАСТ ДО КРАЈОТ НА XVIII ВЕК (Ориентационо 14 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:** | | | |
| ❖ Да стекне знаења за процесот на колонизација и исламизација на балканските земји по паѓањето под османлиска власт и последиците | Колонизација и исламизација во Балканските земји | Исламизација | Објаснување на поимите колонизација и исламизација. Разговор за последиците на Балканските земји по потпаѓањето под османлиска власт. |
| ❖ Да знае за видовите на отпор против османлиската власт | Отпори против Османлиската власт на Балканските земји | Пасивен отпор<br>Буни<br>Востанија<br>Ајдуци | Читање на текстови за пасивниот отпор, буните и востанијата, за ајдуците, за отпорот против османлиската власт. |
| ❖ Да знае за првите османлиски освојувачки походи во Албанија | Албанија во првата половина на XV век | Ѓон Кастриоти<br>Ѓерѓ Арианти | Истажување на интернет и пишување на есеи за Ѓон Кастриоти и Ѓерѓ Арианти. |
| ❖ Да знае за животот и делото на Скендер-бег пред враќањето во Албанија | Востанието на Скендер-бег | Скендер-бег<br>Круја<br>Соборот во Лежа<br>Албанска лига | Читање на тесктови и гледање на документарни филмови во врска со подвизите и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ Да знае за ослободувањето на средна Албанија<br><br>❖ Да го сфати значењето на Скендер-бег и отпорот кој го раководел<br><br>❖ Да знае за дефинитивното потпаѓање на Албанија под османлиска власт<br><br>❖ Да знае за економската положба на Албанците и политичко-административната поделба<br><br>❖ Да знае за причините и текот на Карпошевото востание<br><br>❖ Да знае за положбата на македонското население по Карпошевото востание | Воените судири на Скендер-бег со Османлиската војска<br><br>Ликот и делото на Скендер-бег<br><br>Албанија под востанието на Скендер-бег<br><br>Албанците во XVII и XVIII век<br><br>Карпошевото востание<br><br>Македонија по Карпошевото востание (XVII и XVIII век) | Албанско востание за време на Австро-турската војна 1689-1690<br><br>Карпош<br>Генерал Пиколомини<br><br>Миграции на населението<br>Менување на етничкиот состав | востанието на Скендер-бег. Разговор и објаснување за Албанската лига и Соборот во лежа.<br><br>Пишување на есеј за Скендер-бег и неговите судири со Османлиската војска.<br><br>Разговор за ликот и делото на Скендер-бег, посета на споменикот на Скендер-бег, корелација со предметот македонски јазик.<br><br>Разговор за Албанско востание за време на Австро-турската војна 1689-1690.<br><br>Истражување на интернет и разговор за делото на Карпош и Генерал Пиколомини. Разговор и објаснување за текот на Карпошовото востание.<br><br>Читање на текстови за положбата на македонското население по Карпошовото |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | востание. |
| ❖ Да знае за односот на османлиската власт кон Охридската архиепископија | Положбата на Охридската архиепископија во Османлиската држава | Укинување на Орхидската архиепископија<br>Архиепископ Арсениј | Дискусија за положбата на Охридската архиепископоја во Османлиската држава и причините за нејзиното укинување. |
| ❖ Да знае за развојот на просветата, културата и уметноста во Македонија | Животот и културата во Македонија од XV до XVIII век | Улогата на христијанската црква за ширење на просветата и културата<br>Исламска култура | Разговор за животот и културата на Македонскиот народ од XV до XVIII век. |
| ❖ Да знае за просветата, книжевноста и уметноста кај Албанците | Животот и културата кај Албанците од XV до XVIII век | Положбата на христијанската црква кај Албанците<br><br>Ширење на исламот кај Албанците | Разговор за животот и културата на Албанскиот народ од XV до XVIII век. |

**Напомени за начинот на планирање и реализација на наставната програма**

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби согласно, со видот и степенот на попреченоста, треба да да се практикува строго диференциран и индивидуализан пристап во рамките на воспитно - образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали и секако академски постигнувања.
Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- Да се обидат при изготвувањето на планирањето (доколку видот и попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности за целата паралелка;
- За учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост на дозволува наставниците да планираа исти содржини, цели и активности за целата паралелка, тогаш за нив треба да да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- Доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвување на индивидуален образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе: одделението, содржините како и целта на нивното повторно обработување.

Учениците со оштетен вид кај кои во целост се зачувани интелектуалните способности се во можност без проблеми да ја следат и совладуваат наставната програма за седмо одделение по предметот историја. Она во што ќе се разликува работата со нив од учениците врсници е употребата на специфички дидактички средства и методи кои ќе им овозможат полесно да ги совладаат содржините и целите поставени во оваа програма. За таа цел наставникот употребувајќи ја својата креативност во работата и следејќи ги новите трендови при работа со ученици со оштетен вид во својата работа освен специфичните наставни помагала (ТВ лупа, Брајова машина, текстови на Брајова азбука, текстови зголемени и затемнети, релјефни историски карти, сњелл тоуцх машина, баккум преси итн) во голема мера ќе го употреби и вербалниот метод како и методот на објаснување и разговор.

Учениците кои покрај оштетен вид имаат и друг проблем во развојот (пр. интелектуални потешкотии) ќе наидат на проблем при совладување на посложените и потешките делови од оваа програма. За таа цел наставникот треба да ги дозира содржините според нивните потреби и можности и индивидуално да им пристапи.

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

При реализацијата на наставната програма по историја намената за учениците од VII одделение, се поаѓа од развојните можности, возраста, способностите и интересите на учениците.

Наставните содржини се изучуваат преку историјата на секојдневното живеење, културата, обичаите, а не преку војните. Наставникот ги поттикнува учениците да се запознаат и да ги сфатат историските процеси, а не инсистира на фактографско помнење на сите датуми од историскиот период што се разработува. Наставникот ја има во предвид специфичноста на учењето и работењето на учениците со оштетен слух.

*Насоки за меѓупредметно поврзување*

Оваа наставна програма е структурирана за да поттикнува кај ученикот интегриран развој во сфаќањата на општествениот развој во историскиот период, а целите, содржините и активностите се компонирани за меѓусебно поврзување на одредени теми и содржини со наставните предмети од општествената група на науки (мајчин јазик, ликовна уметност, географија, општество, граѓанска кулутура и др.).

*Препораки за користење на годишниот фонд*

Препораките за годишниот фонд на часови се дадени само како ориентација заедно со конкретните цели и теми / содржини.

Предметниот наставник не се ограничува во прераспоредувањето на темите и содржините според потребите при реализацијата, туку сопствената креативност и поинаквото користење на часовите треба да го проценува според достигањата на неговите ученици, т.е. според промените во квалитет на знаењата и способностите кои тие ги постигнуваат.

Наставни средства:

- учебник по историја наменет за учениците од VII одделение по избор на училиштето, а одобрен од министерот за образование и наука;
- користење на пошироката околина, односно истражување на локалната средина на историски и географски објекти и остатоци на археолошки ископини од национална вредност;

- користење на историски карти, атласи, текстови, постери, фотографии, цртежи, карикатури, албуми, макети, хронолошки таблици итн.
- користење енциклопедии, речници, списанија итн.;
- користење аудио-визуелни средства - документарни и ТВ-филмови, Интернет, образовни софтвери итн.

## 6 . ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Според поставените цели на наставната програма по историја наставникот ги спроведува односно во текот на наставниот процес редовно ги следи и вреднува знаењата и постигањата на учениците и ги прибира показателите за нивните активности, потоа мотивираноста за учење - оваа компонента е основен и составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

- За проверување и оценување на постигањата на учениците во рамките на наставниот материјал и наставните теми дадени во наставната програма, наставникот треба да ги има предвид следниве компоненти:

- начин на проверување и оценување:
  - усно излагање со користење на знаковен јазик;
  - презентација;
- други средства и постапки за следење и оценување:
  - наставни ливчиња;
  - ученички квиз;
  - играње на улоги.

Постигањата на учениците во текот на целата учебна година се оценуваат со бројчана оценка.

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште, а донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8 . НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

За реализација на наставната програма по историја за VII одделение во основното деветогодишно образование предвидени се наставници со завршен:

-Завршени студии по историја наставна насока со дополнителна дефектолшка дообразба;

-Завршени студии по историја ненаставна насока со педагошко-психолошка и методска дообразба и дополнителна дефектолошка дообразба и

-Дипломиран дефектолог

## 9. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2014 година

## Потпис и датум на утврдување на наставната програма

Адаптираната наставната програма по историја за VII одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, врз основа на утврдената соодветна наставна програма за деветгодишно основно образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-14379/1 од 10.09.2014 година
Скопје

Министер

_______________________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор Ирена Борисовска, советник
Контролирал: Трајче Ѓорѓиевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор